# Policy Position Papers

# Од областа на Царина

## Примена на етички кодекс за работа на царинските службеници

# Формулар за идентификување на проблеми и предлози за подобрување на деловната регулатива

## (Policy Position Paper)

*Овој документ ќе се користи како алатка за потребите на „Проектот на УСАИД – Партнерство за подобра бизнис регулатива“ за идентификување на ограничувачки институционални политики, како и за подобрување на конкурентноста и правната усогласеност на компаниите*

| **Датум:** | **Поднесено од:** | **Краток назив на ИДЕНТИФИКУВАНИОТ ПРОБЛЕМ (Позициски документ):**<br><br>Примена на етички кодекс за работа на царинските службеници |
|---|---|---|

Овој ИДЕНТИФИКУВАН ПРОБЛЕМ (ПИРН) е релевантен за подобрување на регулативата во (заокружи):

***Сектор - Земјоделство; Сектор - Градежништво; Сектор - Туризам; Сектор - Текстил; Сектор – ИКТ ; Сите Сектори***

1. **Краток опис на ИДЕНТИФИКУВАНИОТ ПРОБЛЕМ (Позициски документ) – За кои проблеми е потребно решение? Каква е моменталната ситуација (Анализа на политики: моментални околности, конкретно идентификување на проблеми)**

При постапките на царинење фирмите често пати имаат проблем со однесувањето на царинските службеници. Проблемот може да биде и субјективен и објективен. Според Кодексот на однесување донесен од страна на Царинската управа 2016 година царинските службеници не смеат да ги злоупотребат овласувањата и статусот на царински службеник. Царинските службеници во односите со странките должни се да се однесуваат коректно, професионално и со должнао внимание кон нивните потреби и права.

2. **На кој начин ИДЕНТИФИКУВАНИОТ ПРОБЛЕМ негативно влијае врз конкурентноста, работењето и правната усогласеност на компаниите?**

Фирмите многу често кога наидуваат на  проблем при постапка на  царинење истиот го премолчуваат од причина што не сакаат да имаат било каков конфликт со царинските службеници иако може заради тоа  да трпат лоши последици.

Последиците од идентификуваниот проблем врз конкурентноста на компаниите се манифестира преку неосновано продолжување на времето за спроведување на царинските постапки, зголемени трошоци поради застои во испораката на стоките до потребната дестинација, трошоци по основ на финансиски условувања на царинските работници, намалена доверба кај комитентите од аспект на намалена експедитивност во реализирање на склучените деловни договори, можни трошоци од кало, растур и расипување на стоката, продолжено време на патување на патниците, кога е во прашање меѓународниот патнички превоз и сл.

**3. На каков начин компаниите се соочуваат со ИДЕНТИФИКУВАНИОТ ПРОБЛЕМ и каква е нивната процентуална застапеност по сектори во однос на проблемот?**

Начинот на којшто се соочуваат компаниите со идентификуваниот проблем е опишан во точка 2, а истиот е застапен во сите сектори, како производни така и услужни.

Иако постои кодекс на однесување на царинските службеници сепак идентификуван е проблем со нивно однесување кој често пати не е ни професионален ни етички ни коректен.

**4. Кои се важечките закони , подзаконски прописи ( наведување на членовите ) кои го регулираат ИДЕНТИФИКУВАНИОТ ПРОБЛЕМ)?**

Врз основа на член 72, став 3 од Законот за царинската управа утврден е Кодекс на однесување на царинските службеници.

Во член 73 и член 73 а од Законот за царинската управа, е утврдена дисциплинска одговорност, како и престанок на работен однос на цариник кој не се придржува кон Кодексот на однесување.

**5. Кои државни институции се директно вклучени во регулирањето или решавањето на овој проблем? Дали треба да бидат вклучени и дополнителни институции?**

Царинска управа на Република Македонја, соодветни инсекциски служби за внатрешна контрола на однесувањето на царинските службеници и сл.

**6. Како овој проблем е регулиран во други држави?**

Во соседните држави повикувајќи се на Аруша декларацијата, постои етички Кодекс на царинските службеници. Контролирани се со Законот за државни службеници и ја сносат

одговорноста која произлегува од Законот за државни службеници, а инспекциски контроли им врши надлежното Министерство за финансии.

7. **Кои се квантитативните и квалитативните резултати/придобивки кои ќе ја подобрат конкурентноста на компаниите, а кои директно ќе произлезат од успешното адресирање – упатување - решавање на ИДЕНТИФИКУВАНИОТ ПРОБЛЕМ (ПИРН)?**

Со решавање на овој проблем ќе се охрабрат фирмите при спроведуваат на царинските процедури да немаат страв отворено да ги изнесуваат проблемите без да се плашат дека ќе имаат понатамошни реперкусии.

Исто така:

-ќе се забрза времето на спроведување на царинските постапки,
-ќе се надминат непотребните застои во царинските процедури што ќе придонесе за намалување на трошоците во испораката на стоките до потребната дестинација,
-ќе се избегант трошоци по основ на финансиски условувања на царинските работници,
-ќе се зголеми довербата на домашните компании на странските пазари поради подобрување на експедитивноста во реализирање на склучените деловни договори,
-ќе се намалаттрошоци по основ на кало, растур и расипување на стоката,
-ќе се почитува планираното време на патување на патниците, кога е во прашање меѓународниот патнички превоз и сл.

8. **Кои се квантитативните и квалитативните резултати/придобивки на Владата, доколку ИДЕНТИФИКУВАНИОТ ПРОБЛЕМ (ПИРН) успешно се адресира – упати – реши ?**

   Попрофесионална царинска услуга од страна на царинските службенци.

9. **Предлог решенија и очекувани резултати? Што сакаме да се постигне, во која насока треба да се насочиме? (главни цели)**

Да се направат построги критериуми во Кодексот за однесување на царинските службеници согласно кои постојано би се следело нивното работењето и однесувањето. Да се вршат почести интерни контроли и да им се укажува на почитувањето на Кодескот за однесување на царинските службеници.

За надминување на ИДЕНТИФИКУВАНИОТ ПРОБЛЕМ рационалните решенија треба да се бараат по неколку основи:

1. Од организационен аспект на самите царински служби.

Правилната и соодветната организациона поставеност на царинската служба согласно потребите за “течно“ реализирање на царинската постапка, со подобрена транспарентност во работењето на секој поединец, треба ќе придонесе за намалување можните субјективни девијантни појави кај царинските работници;

2. Соодветна стручна подготвеност на царинските работници, чија недоволна стручност може да доведе до нарушување на етичкото однесување без и самите да се свесни за тоа;
3. Превентивни активности за јакнење на стручните квалитети и капацитети на царинските работници (обуки, семинари и сл.);
4. Воспоставување на соодветен систем на зајакната контрола на оние места каде што ќе се оцени дека постои потенцијална можност за појава на непочитување на етичкиот кодекс на работење, со соодветно изречување казни за непочитување на истиот;
5. Заедничка координативна активност на сите инволвирани страни во царинските процедури, како на царинската управа и соодветните инспекциски служби, така и на непосредните учесници во царинските постапки (бизнис секторот).